Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- ЦАРИНСКА УПРАВА -

Централна управа

**До: Александар Трајко Недев**
**Ул. Ѓ.Димитров-Вешката број 3**
**Неготино**

**Предмет: Покана за писмено произнесување**
**Врска : Прк.бр.0143/22**

Почитуван,

До Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Македонија поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка број 28-027692/22-0005 од 25.05.2022 година, со кои се обвинувате дека сте сториле царински прекршок опишан во истото.

Согласно чл. 60 ст.3 од Законот за прекршоци (Сл.весник на РМ бр.96/19) Ви го доставуваме Барањето за поведување на прекршочна постапка. Ве повикуваме во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на истото писмено да се изјасните за фактите и доказите наведени во Барањето во врска со царински прекршок, како и да ги приложите евентуалните докази со кои располагате, на адреса Царинска управа на Република Северна Македонија ул. Колекторска бб, Царинарница Скопје - До Комисијата за одлучување по прекршок - Прк.бр.0143/22

Во спротивно Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по Барањето за поведување на прекршочна постапка врз основа на приложената писмена документација.

Со почит,

**Оливера Митевска**
**Самостоен советник**

Прилог: Барања за поведување на прекршочна постапка број 28-027692/22-0005 од 25.05.2022 година

**Архивски број: 28-027692/22-0007**
**Скопје, 08.06.2022 година**
01.10.00.УП.001.06-ОБ.06.06


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.20.22.ПЦ.001.02-ОБ.06.03

До
Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Врз основа на член 10 став 1 точка 6 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07,103/2008,64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15 и 129/15) и член 89 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РМ" бр. 124/15), поднесуваме:

## БАРАЊЕ
## ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

**ПРОТИВ:**

Александар Недев, роден на 19.12.1980 год во Неготино, со адреса на живеење во Ул.Ѓ.Димитров- Вешката бр.3, Неготино, со број на патна исправа C1421512 издадена од МВР.

*(податоци за сторителот*)*

**ЗАТОА ШТО:**

На ден 24.05.2022 година, околу 14:00 часот на ЦИ Богородица, за влез во Р.С Македонија, за царинска контрола се пријави горенаведеното лице како возач на ПМВ Opel Antara со македонски регистарски ознаки NE9251AB заедно со уште еден сопатник. На прашање на царинскиот службеник, дали имаат да пријават нешто за царинска контрола горенаведеното лице одговори дека имаат по една штека цигари.
Возилото е селектирано за царинска контрола и пристапено е кон детален преглед.
При преглед во багажниот простор во кутија, во просторот на резервната гума, во станичните празнини од багажникот и под предното совозачко седиште пронајдена е следната непријавена стока:

-2800 парчиња цигари WEST (14 штеки)
-1000 парчиња цигари OME (5 штеки)

Поради тоа сторен е царински прекршок по член 263 став 3 вв ст1 т 5 од ЦЗ. Записникот е предаден за понатомошна постапка.
На прашање од каде му е набавена стоката истиот изјави дека е Грција.
Вредноста на непријавената стока изнесува 14.100,00 денари, а висината на избегнати царински давачки е 24.116,00 денари.

*(опис на прекршокот**)*

Со горе опишаното дејствие пријавениот сторил прекршок од член 263 став 3 вв став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

ПОРАДИ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА:

Комисијата за одлучување по прекршок како стварно и месно надлежна да покрене прекршочна постапка против пријавеното лице за прекршокот кој му се става на товар и по утврдување на фактичката состојба и изведување на приложените докази кон барањето да биде огласен за виновен и да му биде изречена прекршочна санкција согласно закон.

Со оглед дека за горенаведениот прекршок согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон е пропишано изрекување на прекршочната мерка одземање на стоката предмет на прекршок, предлагаме истата да се одземе***. Стоката предмет на прекршок е сместена во магацин ЦИ Богородица .

По писмено изготвување на одлуката по ова барање ве молиме еден примерок да биде доставен до ЦИ Богородица.
(организациона единица)

Прилог:

- Записник за царински прекршок бр. 28- 027692/22-0001
- Потврда за привремено одземени предмети бр. 28- 027692/22-0002
- Записник за претрес бр. 28- 027692/22-0003
- Записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки бр. 28- 027692/22-0004
- фотодокументација

Водач на смена на ЦИ Богородица

Гордана Бозаџиева
(потпис и печат)

Број: 28- 027692/22-0005
Гевгелија, 25.05.2022 година

Доставено во оригинал до:

- Комисија за одлучување по прекршок
- писарница
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за одлучување по прекршок